**Прекуграничниот забавен центар ќе привлекува туристи во пограничните региони на Бугарија и Македонија**

23.06.2017 година

Еколошкото друштво Планетум - Струмица во партнерство со Здружението Пирински туристички форум - Благоевград го започна спроведувањето на проектот СВ006.1.22.117 "Прекуграничен забавен центар". Проектот е со вкупен буџет 107337.45 Евра и е ко-финансиран од ЕУ преку ИПА Програмата за прекугранична соработка Интерег-ИПА Бугарија - Поранешна Југословенска Република Македонија.

Целта на проектот е да го стимулира туризмот како реална долгорочна алтернатива за прекуграничниот регион меѓу Бугарија и Македонија. Со проектот се предвидува изградба на Модел мрежа од 10 туристички "јазли" или мини-дестинации во Благоевградска област (Бугарија) и Југоисточен плански регион (Македонија), кои ќе бидат избрани преку истражување со однапред развиени објективни критериуми. Во овие мини-дестинации ќе се развијат модерни и атрактивни дополнителни туристички услуги. Последните ќе се нудат преку посебна интернет-платформа, која ќе претставува самиот виртуелен Прекуграничен забавен центар. Предвидени се и други маркетинг активности, како издавање на флаер за Центарот, изработка на сувенири за 10те мини-дестинации (налепници, магнети) и Мала книшка на посетителот со која туристите ќе имаат можност да ги посетат сите места од мрежата и да добијат награда.

Проектот е со времетраење од 15 месеци и завршува во месец. Август 2018 година

За повеќе информации:
Александар Лазаров, Координатор на проектот
Еколошко друштво Планетум
Тел. +389 70 374 679 (и Вајбер)
E-mail: aleksandar.lazarov@gmail.com

*Оваа соопштение е подготвено со поддршка на Европската унија. За содржината на оваа сооштение одговорност носи единствено Еколошкото друштво Планетум и во никој случај не може да ги одразува ставовите на Европската Унија.*